| 300 | Донација UNDP | 1175 | Принтер во боја HP | * | |
| 301 | Донација UNDP | 1468 | Столица сина | * | |
| 302 | Донација UNDP | 1459 | Столица сина | * | |
| 303 | Донација UNDP | 1117 | Столица црвена | * | |
| 304 | Донација UNDP | 1119 | Столица црвена | * | |
| 305 | Донација UNDP | 1164 | Столица црвена | * | |
| 306 | Донација UNDP | 1159 | Столица црвена | * | |
| 307 | Донација UNDP | 1121 | Столица црвена | * | |
| 308 | Донација UNDP | 1155 | Столица црвена | * | |
| 309 | Донација UNDP | 1158 | Столица црвена | * | |
| 310 | Донација UNDP | 1471 | Столица сина | * | |
| 311 | Донација UNDP | 1460 | Столица сина | * | |
| 312 | Донација UNDP | 1467 | Столица сина | * | |
| 313 | Донација UNDP | Ситен инв | Продолжен кабел | * | |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Директорот на Агенцијата за администрација склучува договор со Министерот за информатичко општество и администрација, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-2708/1
31 мај 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**1918.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА ОРУЖЈЕ И ВОЕНА ОПРЕМА ОД ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ И НОВ“ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ**

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на оружје и воена опрема од периодот меѓу двете светски војни и НОВ“ во Националната установа Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Збирката од став 1 на овој член содржи примероци од првата половина на XX век. Се состои од 51 примерок огнено оружје, воена опрема и ладно оружје. Од огненото оружје застапени се: пушки, пушкомитралез, митролези, минофрлач, автомат-шмајзер, пиштоли, сигнален пиштол, цевки од пушка и цевки од автомат, а од ладното оружје: ножеви, бајонети, сабји и меч. Предметите од збирката произведени се во фабрики за оружје во Франција, Англија, Австрија, Италија, Русија, Германија и Југославија.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/1 Заменик на претседателот
31 мај 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1919.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА ОРУЖЈЕ И ВОЕНА ОПРЕМА ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД“ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ**

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на оружје и воена опрема од илинденскиот период“ во Националната установа Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Збирката од став 1 на овој член содржи примероци од XIX и почетокот на XX век. Се состои од 103 примероци од огнено оружје, ладно оружје и воена опрема. Од огненото оружје застапени се пушките, кубурите и револверите, а од ладното оружје јатаганите, мечевите, сабјите, ножевите, камите и бајонетите. Произведени се во Италија, Русија, Австро-Унгарија, Франција, Германија, САД и во делот од Балканот кој бил во склоп на Отоманската империја.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/2 Заменик на претседателот
31 мај 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1920.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА ФОТОГРАФИИ ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД, ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ И НОВ И ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД - ИЗГРАДБА“ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ**

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на фотографии од илинденскиот период, периодот меѓу двете светски војни и НОВ и повоениот период - изградба“ во Националната установа Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Збирката од став 1 на овој член содржи оригинални фотографии кои потекнуваат од крајот на XIX век, па се до шеесетите години на XX век. Се состои од 413 фотографии, кои според хронолошката опфатност и автентичност претставуваат значајно сведоштво за културно-историското минато на Република Македонија.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/3 Заменик на претседателот
31 мај 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**1921.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА ИСТОРИСКИ ПРЕДМЕТИ ОД ПРЕРОДБЕНСКИОТ И ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД“ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на историски предмети од преродбенскиот и илинденскиот период“ во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Збирката од став 1 на овој член содржи примероци од крајот на XVIII до почетокот на XX век, се состои од 61 предмет и тоа: печати, филактерии, енамлуци, припојасници, украсни предмти, пранги за нозе и раце и други предмети. Во оваа збирка порепрезентативни се филактериите, енамлуците и пропојасниците кои потекнуваат од XVIII и XX век, а изработени се во занаетчиски работилници во Прилеп и други градови во Македонија.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/4 Заменик на претседателот
31 мај 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1922.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА АРХЕОЛОШКИ ПРЕДМЕТИ ОД АНТИЧКИОТ ПЕРИОД“ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на археолошки предмети од античкиот период“ во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Збирката од став 1 на овој член содржи 395 предмети, датирани од IV век ст.е. до VI век н.е., односно хронолошки припаѓаат на хеленистичкиот и римскиот период. Збирката содржи предмети изработени од печена земја; предмети изработени од метал-бронза, железо, сребро или злато; предмети изработени од стакло, односно стаклена паста; предмети за различна намена изработени од коска и предмети од килибар.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/5 Заменик на претседателот
31 мај 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1923.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА ИСТОРИСКИ ПРЕДМЕТИ ОД ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ, НОВ И ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД“ ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на историски предмети од периодот меѓу двете светски војни, НОВ и повоениот период“ во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Збирката од став 1 на овој член содржи предмети од почетокот на XX век до 1985 година. Збирката ја карактеризира застапеност на предмети од разновидни материјали, а се состои од 130 разни предмети и тоа предмети кои служеле за умножување на печатен илегален материјал, дрвена чинија, санитетски материјали како комплет инекции, кутија за инекции и шприц, бусола, компас, дурбин, телефон, радио, ташни, торби, ранци и друга опрема, печати и штембили.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/6 Заменик на претседателот
31 мај 2011 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**1924.**

Врз основа на член 41, став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004, 115/2007 и 18/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗБИРКАТА НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО „ЗБИРКА НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА“ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА АРХЕОЛОГИЈА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ**

Член 1

Збирката на движно културно наследство „Збирка на епиграфски споменици и камена пластика“ во Одделението за археологија во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

Збирката од став 1 на овој член се состои од 114 предмети и тоа: надгробни плочи (со или без натпис), плочи со натпис, скулптури (на видни граѓани, император, божества), ари, вотивни рељефни плочи посветени на божества, капаци од урни, делови од столбови (бази, тела и капители – јонски, композитни, импост), делови од парапетни плочи, архитектонски елементи и сончев часовник. Предметите од Збирката датираат од IV век ст.е. до VI век н.е., односно хронолошки припаѓаат на хеленистичкиот, римскиот и ранохристијанскиот период.

За збирката од став 1 на овој член се утврдува режим на заштита од прв степен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3051/7
31 мај 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**1925.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 5 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.5.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ВООРУЖЕНИ СИЛИ – ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ ОБУКА**

1. Се одобрува влегување и престојување на 40 (четириесет) вооружени припадници од активниот состав на Армијата на Република Словенија на територијата на Република Македонија, за користење на АП Криволак заради гаѓање, во период од 15.6 до 16.6.2011 година.

2. Финансиските трошоци за реализација на обуката, во кои влегуваат транспортот, сместувањето, исхраната и логистичката поддршка на учесниците во вежбовната активност ги обезбедува Армијата на Република Словенија.

3. Подготовките и организацијата на вооружените припадници ќе ги изврши Армијата на Република Словенија.

4. По завршувањето на обуката, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3157/1
31 мај 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

**1926.**

Врз основа на член 13 став (10) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07 и 24/11) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ДИСТРИБУИРАНИ И ПЕЧАТЕНИ ОБРАСЦИ НА СЕРТИФИКАТИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА**

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата на печатени и дистрибуирани обрасци на Сертификати за здравствена состојба на животните.

Член 2
**Печатење и евиденција на дистрибуирани обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните**

(1) Евиденцијата на издадени обрасци се води во форма на книга со А4 формат на евиденциски листови кои се нумерирани и меѓусобно поврзани.

(2) На предната страна на книгата се содржани следните податоци: Ветеринарна комора на Република Македонија и Евиденција на издадени обрасци на сертификати за здравствена состојба на животните.

(3) Евиденцијата на издадени обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните се води на евиденциските листови кои ги содржат следните податоци:

а) реден број;

б) референтен број на обрасците уверенијата;

в) датум на издавање;

г) име, презиме и потпис на одговорното лице кое ги издава обрасците; и

д) име, презиме и потпис на лицето на кое ги задолжило обрасците.

(4) Евиденцијата на издадени обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните се води во пишана и електронска форма.

(5) Формата и содржината на евиденцијат на издадени обрасци на сертификати за здравствена заштита на животните е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3
**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-1428/3
30 мај 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски**, с.р.

Прилог

Ветеринарна комора на Република Македонија

# Евиденција на издадени обрасци на Сертификати за здравствена состојба на животните

| Евиденциски лист за издадени обрасци на сертификати за здравствена состојба на животни | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Референтен број на обрасците на сертификатите | | Датум на издавање | Име, презиме и потпис на одговорното лице кое ги издава обрасците | Име, презиме и потпис на лицето на кое ги задолжило обрасците | Датум на раздолжување на кочан |
| | од | до | | | | |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| ... | | | | | | |
| ... | | | | | | |
| ... | | | | | | |

**1927.**

Врз основа на член 58 став (4) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007 и 24/2011) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА УСЛОВИТЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ЖИВОТНИ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ ПРИ СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ЖИВОТНИ

## 1. Општи одредби

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишуваат условите за ставање во промет на животни и начинот на вршење на официјални контроли на животни при ставање во промет.

Член 2
**Примена**

Одредбите на овој правилник се применуваат на говеда, овци, кози, свињи, копитари, живина, еднодневни пилиња, пчели, риби, аквакултура, полжави, одгледуван дивеч и други видови животни.

## 2. Услови за ставање во промет на оделни видови животни и документи кои ја придружуваат пратката

Член 3
**Услови за ставање во промет на животни**

За да бидат ставени во промет, животните и одгледувалиштето од кое потекнуваат животните треба да:

а) ги исполнат условите утврдени во прописите од областа на ветеринарството и безбедност на храна во однос на здравствената состојба на животните, идентификација и регистрација на животните, заштита и благосостојба на животните и јавно ветеринарно здравство;

б) бидат прегледани пред да го напуштато одгледувалиштето; и

в) бидат придружени со сертификат за здравствена состојба на животните (во понатамошниот текст: сертификат).

Член 4
**Преглед на животните и одгледувалиштето**

(1) Пред секое движење на животните од член 2 на овој правилник доктор по ветеринарна медицина од ветеринарните амбуланти, клиники и болници овластени согласно член 40 и 40-а од Законот ветеринарно здравство (во понатамошниот текст доктор по ветеринарна медицина) врши задолжителен ветеринарен преглед на животните и одгледувалиштето од кое потекнуваат животните со цел да ја утврди исполнетоста на условите од член 3 на овој правилник.

(2) Во зависност од видот на животните, ветеринарниот прегледот од став (1) на овој член се состои од:

а) преглед на документи;

б) проверка на идентитетот; и

в) клинички преглед.

(3) Со прегледот на документи и проверка на идентитетот од став (2) точки а) и б) на овој член се утврдува дека животните и одгледувалиштето ги исполнуваат условите што се пропишани од областа на здравствената заштита на животните и идентификацијата и регистрацијата на животните и дека за нив е издаден документ, од страна на овластените ветеринарни друштва од член 40 од Законот за ветеринарно здравство, со кој се потврдува дека се извршени јавни овластувања за здравствена состојба на животните.

(4) Со клиничкиот преглед од став (2) точка в) на овој член се утврдува дека животните кои се ставаат во промет како и другите животни од стадото односно јатото не покажуваат видливи клинички знаци на болест.

Член 5
**Исклучоци**

(1) По исклучок од член 4 на овој правилник преглед нема да се врши во случај на:

а) движење на животни заради испаша во иста епизоотиолошка единица;

б) движење на живина помалку од 50 единки;

в) движење на животни кои се превезуваат директно до кланица заради принудно колење;

г) движење на животни кои се испраќаат директно во кланица во рамките на програма за превенција и сузбивање на заразни болести; и

д) не комерцијално движење на домашни миленици придружени од страна на сопственикот.

(2) При движење на животните од став (1) точки в) и г) на овој член здравствената состојба на животните се утврдува во кланицата од страна на официјален ветеринар.

Член 6
**Издавање на сертификат**

(1) Прегледот на животни од член 4 на овој правилник се врши по претходно усмено барање од страна на сопственикот на животните.

(2) Сопственикот или одговорното лице за чување на животните треба во рок од 24 часа пред секое движење на животните од одгледувалиштето за кое е потребен сертификат да го извести докторот по ветеринарна медицина од овластено ветеринарното друштво со кое има склучено договор.

(3) Докторот по ветеринарна медицина треба во рок од 24 часа од известувањето од став (2) на овој член, да направи преглед на одгледувалиштето и животните согласо член 4 на овој правилник.

(4) По извршениот преглед од став (3) на овој член, докторот по ветеринарна медицина издава сертификат.

(5) Сертификатот може да се издаде за секое животно поединечно (поединечен сертификат) или за повеќе животни ако се од ист вид кои припаѓаат на ист сопственик и доаѓаат од исто одгледувалиште (групен сертификат). Доенчињата од копитари, говеда, биволи, кучиња и мачки можат да се запишат во сертификтот издаден за мајката како поединечен сертификат.

(6) Сертификатот од став (4) на овој член има важност од 72 часа од часот на издавањето.

(7) Во случај на движење на животни кога повеќе животните пристигнале во собирен центар придружени со еден сертификат а се испраќаат од собирниот центар на две или повеќе различни дестинации, докторот по ветеринарна медицина издава нови сертификати врз основа на сертификатите со кои животните пристигнале по предходно извршен ветеринарен преглед.

(8) Во случај на движење на животни од собирен центар кога истите се придружени со сертификат со изминат рок на важност, докторот по ветеринарна медицина на собирниот центар врши преглед на животните и издава нов серификат врз основа на сертификатот кои бил предходно издаден за тоа животно по предходно извршен клинички преглед.

(9) По исклучок од став (6) од овој член сертификатот издаден за пчелни смејства има важност од три месеци од денот на издавањето.

(10) За издавање на сертификат докторот по ветеринарна медицина наплаќа надомест согласно Прилог 3 точка (2) од Одлуката за висината на надоместокот за граничните ветеринарни контроли, за сите активности и службени контроли за производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животните кои се ставаат во промет во Република Македонија и за идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата и издавање на сертификати за здравствена состојба на животните.

(11) Сертификатот содржи:

а) единствен референтен број;

б) податоци за сопственикот или одговорно лице на животното;

в) изјава од сопственикот или одговорно лице за животното;

г) податоци од ветеринарниот преглед и евиденција (РБО на одгледувалиштето, идентификација на животното и други податоци);

д) изјава од докторот по ветеринарна медицина кој го издава сертификатот;

ѓ) штембил на ветеринарното друштво;

е) потпис и факсимил на докторот по ветеринарна медицина; и

ж) податоци за превозносто средство и начинот на кој се врши превозот (место на натовар, датум и други податоци).

(12) При издавањето, сертификатот треба да биде целосно и коректно пополнет во боја различна од отпечатениот текст на образецот на сертификатот и заведен со оригинален потпис и факсимил од докторот по ветеринарна медицина кој го издава и да има штембил на овластеното ветеринарно друштво каде е вработен докторот по ветеринарна медицина кој го издава. Непополнетите делови или алтернативи кои не се применливи треба правилно да се прецртани и да се заверат со потпис од докторот по ветеринарна медицина кој го издава сертификатот. Доколку има понатамошни исправки тие треба бидат заверени со потпис и факсимил од докторот по ветеринарна медицина кој го издава сертификатот.

(13) Сертификатот се однесува на една пратка животни и не претставува документ со кој се утврдува сопственост на животното.

**3. Официјални контроли**

Член 7
**Официјални контроли на издадни документ за здравствена состојба на животните**

(1) На постапката на издавање и користење на сертификати се врши контрола најмалку два пати годишно од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(2) По извршеното колење на животните во кланица, серфикатите со кои истите биле придружени се поништуваат со печат со текст „поништено“.

(3) На поништените сертификати на задната страна се запишува датумот и редниот број под кој животното е запишано во евиденцијата за заклани животни.

(4) Евиденцијата за заклани животни и поништените сертификати се чуваат во кланицата најмалку три години и треба да бидат достапни на увид на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**4. Завршни одредби**

Член 8
**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-1672/2
30 мај 2011 година Директор,
Скопје **Дејан Рунтевски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1928.**

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09 и 97/10), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

Просечната месечна плата по работник за месец мај 2011 година не може да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01. | Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив | 9.059 |
| 02. | Шумарство и искористување на шуми | 13.190 |
| 03. | Рибарство и аквакултура | 8.414 |
| 05. | Вадење на јаглен и лигнит | 17.512 |
| 07. | Вадење на руди на метал | 17.372 |
| 08. | Вадење на други руди и камен | 15.725 |
| 09. | Помошни услужни дејности во рударството | 8.584 |
| 10. | Производство на прехранбени производи | 11.333 |
| 11. | Производство на пијалаци | 18.115 |
| 12. | Производство на тутунски производи | 13.024 |
| 13. | Производство на текстил | 7.216 |
| 14. | Производство на облека | 7.735 |
| 15. | Производство на кожа и слични производи од кожа | 6.071 |
| 16. | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 8.120 |
| 17. | Производство на хартија и производи од хартија | 11.485 |
| 18. | Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи) | 12.963 |
| 19. | Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 24.196 |
| 20. | Производство на хемикалии и хемиски производи | 14.874 |
| 21. | Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 28.695 |
| 22. | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 8.543 |
| 23. | Производство на други неметални минерални производи | 15.440 |
| 24. | Производство на метали | 14.791 |
| 25. | Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 11.248 |
| 26. | Производство на компјутерски, електронски и оптички производи | 16.855 |
| 27. | Производство на електрична опрема | 10.167 |
| 28. | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 9.437 |
| 29. | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 15.693 |
| 30. | Производство на останата опрема за транспорт | 19.755 |
| 31. | Производство на мебел | 8.558 |
| 32. | Останата производствена индустрија | 10.987 |
| 33. | Поправка и инсталирање на машини и опрема | 22.015 |
| 35. | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 25.434 |
| 36. | Собирање, обработка и снабдување со вода | 14.092 |
| 37. | Отстранување на отпадни води | 9.433 |
| 38. | Дејност за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали | 13.105 |
| 41. | Изградба на згради | 9.522 |
| 42. | Нискоградба | 12.016 |
| 43. | Специјализирани градежни дејности | 12.601 |
| 45. | Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли | 16.018 |
| 46. | Трговија на големо, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 18.049 |
| 47. | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 11.436 |

| | | |
|---|---|---|
| 49. | Копнен транспорт и цевоводен транспорт | 13.085 |
| 51. | Воздухопловен транспорт | 31.765 |
| 52. | Складирање и помошни дејности во превозот | 19.501 |
| 53. | Поштенски и курирски дејности | 16.394 |
| 55. | Објекти за сместување | 11.898 |
| 56. | Дејности за подготовка на оброци и служење на храна | 8.699 |
| 58. | Издавачка дејност | 19.638 |
| 59. | Филмска дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво | 9.483 |
| 60. | Емитување на програма | 14.758 |
| 61. | Телекомуникации | 32.052 |
| 62. | Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности | 20.846 |
| 63. | Информативни услужни дејности | 22.050 |
| 64. | Финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови | 27.180 |
| 65. | Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжително социјално осигурување | 29.644 |
| 66. | Помошни дејности кај финансиските услуги и дејностите во осигурувањето | 35.000 |
| 68. | Дејности во врска со недвижен имот | 17.395 |
| 69. | Правни и сметководствени дејности | 24.089 |
| 70. | Управувачки дејности; со советување во врска со управувањето | 15.895 |
| 71. | Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа | 16.355 |
| 72. | Научно истражување и развој | 19.080 |
| 73. | Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот | 24.719 |
| 74. | Останати стручни, научни и технички дејности | 18.036 |
| 75. | Ветеринарни дејности | 11.859 |
| 77. | Дејности на изнајмување и давање под закуп (лизинг) | 14.656 |
| 78. | Дејности на вработување | 11.553 |
| 79. | Туристички агенции, организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив | 12.386 |
| 80. | Заштитни и истражни дејности | 9.170 |
| 81. | Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата | 10.207 |
| 82. | Канцелариско-административни и помошни дејности и деловно-помошни дејности | 18.151 |
| 84. | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 18.222 |
| 85. | Образование | 15.759 |
| 86. | Дејности за здравствена заштита | 16.721 |
| 87. | Дејности на социјалната заштита со сместување | 12.094 |
| 88. | Дејности на социјалната заштита без сместување | 11.787 |
| 90. | Креативни, уметнички и забавни дејности | 15.463 |
| 91. | Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности | 13.878 |
| 92. | Дејности на коцкање и обложување | 12.229 |
| 93. | Спортски, забавни и рекреативни дејности | 15.677 |
| 94. | Дејности на организации врз база на зачленување | 19.957 |
| 95. | Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства | 17.998 |
| 96. | Други лични услужни дејности | 12.083 |

Месечно даночно ослободување 7.316.

Министер,
**Цељаљ Бајрами,** с.р.

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

ISSN 0354-1622
2011077